РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 08-2725/1
27.12. 2022 год.
ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# Годишен план за проценка на ризици од корупција во Општина ДЕЛЧЕВО за 2023 година

Делчево, Декември 2022 година

## ВОВЕД

Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство претставува кршење на интегритетот. Интегритетот пак, од друга страна претставува квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Општина Делчево, почитувајќи ги начелата на законитост, ефикасност, ефективност, сервисна ориентација, а ставајќи акцент на јакнење на интегритетот на вработените, нивната стручност и компетентност, важи за општина кај која приоритет е јавниот интерес. Истиот, претставува мотив за создавање на неколку механизми за справување со корупцијата.

Годишниот план за спречување на корупцијата во Општина Делчево е дизајниран да дејствува првенствено превентивно што подразбира намалување на ризиците за корупција преку зајакнување на регулативата, јакнење на функционалноста на институциите на системот и враќање на довербата во него, јакнење на свеста и вклучување на граѓанското општество и јавноста во антикорупциските напори. Годишниот план е заснован на реални процеси и цели кои резултираат со континуирано намалување на корупцијата, а нејзината имплементација ќе испрати силна порака до македонското општество дека борбата против корупцијата конечно се остварува.

Модерното „отворено општество" бара партиципација на граѓаните во донесувањето на важни одлуки. Во поглед на донесувањето на Буџетот, Општина Делчево веќе неколку години организира Буџетски форуми каде што учествуваат граѓаните во креирањето и донесувањето на Буџетот. Општина Делчево како транспарентна општина има интернет страна и општински весник (информатор) каде се презентираат сите тековни активности и постапки, со што секој граѓанин е во можност да биде информиран навремено за остварување на неговите права и обврски, да учествува во јавните повици, притоа почитувајќи ги законските норми, преку постоечки Комисии и законски постапки да биде објективно избран.

Со оглед на ризиците кои се наметнуваат од областа на корупцијата, Општина Делчево има потреба од дефинирани алатки и механизми со кои ќе ги заштити внатрешните процеси и постапки. Во рамки на надлежноста и делокругот на работење засега не се идентификувани фактори кои го отежнуваат функционирањето на Општината. Сепак, долгорочно, Општината изготвува антикорупциски план кој го адаптира и наметнува како обврска и за вработените и за граѓаните, како круцијална алка во целиот процес.

## 1. ШТО Е КОРУПЦИЈА

Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и долгорочни, протегајќи се низ јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права поради ерозија на опшествените вредности.

Во нашата законска регулатива е предвидено дека под корупција се подразбира„злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба, за остварување на определена корист, директно или преку посредник, за себе или некој друг„. Во најширока смисла на зборот, корупцијата е искористување на службената положба за приватни цели. Ова значи кога постои корупција вршењето на јавни овластувања и работи од јавен интерес добиваат карактер на вршење на определени услуги само за оние граѓани кои можат да ги платат.

Под „судир на интереси„ се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања.

Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова не значи само препознавање на корупцијата и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување случаи кога постојат сомнежи за корупција.

Поединецот кој коруптивно се однесува, преку злоупотреба на својата положба се здобива со материјална или нематеријална корист (определени поволности) која може да биде наменета за него или за некој друг. На овој начин, определени лица недозволено стекнуваат корист, додека на други им е отежнато остварувањето на некое право, кое инаку им следува по законски пат. Од корупцијата корист може да имаат две страни во однос, а штетата да биде последица по пошироката општествена заедница.

## 2.ПРАВНИ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА КОРУПЦИЈАТА

Во нашата држава постојат повеќе закони кои се однесуваат на корупцијата. Меѓу позначајните се : Законот за спречување корупција и судир на интереси, Закон за заштита на укажувчи, Кривичниот законик и Законот за лобирање.

Во заложбите на меѓународната заедница во борба со корупцијата се донесени Конвенцијата на обединетите нации против корупцијата и Цивилната конвенција за спречување корупција.

Република Северна Македонија ги има ратификувано овие меѓународни документи и истите преставуваат дел од домашното законодавство.

Општина Делчево ги има следните интерни документи од областа на заштита од корупцијата:

- Политика на интегритет бр.08-696/1 од 12.04.2021 година,
- Антикорупциска политика-политика на интергитет,
- Интерни процедури за јавни набавки во Општина Делчево бр.08-465/1 од 12.03.2021 г.
- Правилник за управување со ризик на корупција и сидир на интереси за период 2021-2024 година, бр.08-544/1 од 23.03.2021 година,
- Годишен план за справување со корупција за 2021 година, 08-983/1 од 01.06.2021 г.
- Правилник за утврдување на правила согласно 24 од Законот за лобирање,
- Годишен план за проценка на ризици од корупција во Општина ДЕЛЧЕВО за 2023 година, бр.08-1606/1 од 01.08.2022 година,
- Кодекс за транспарентност на локално ниво.

## 3.АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА-ПОЛИТИКА ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

- Општина Делчево не толерира коруптивно однесување,односно искористување на функцијата,јавното овластување,службените должности и положбата за остварување на било каква корист за вработениот или неговиот близок. Исто така не се толерира било каква друга форма на неетичко и неморално однесување забрането со закон и спротивно на етичкиот кодекс на однесување.

- Градоначалникот и раководините структури на Општина Делчево се одговорни за проценка и отстранување на ризиците кои што придонесуваат за корупција,проневера,крадење,поткуп,судир на интереси како и користење на влијанија и врски со цел добивање повластен третман или каква било друга форма на неетичко и незаконито однесување.
- Вработените во Општина Делчево потпишуваат изјава со која се обврзуваат да ја почитуваат политиката за интегритет на општината.
- Вработените во општинската администрација се должни да се однесуваат чесно и одговорно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови за постапување,да бидат лојални на општината и организациската единица во која се распоредени на работа,да избегнуваат судир на интереси и да се грижат за угледот во јавноста без разлика дали се наоѓаат на работно место или не и тоа во секое време.
- Вработените се должни да пријават какво било коруптивно однесување на начин пропишан во процедурите за пријавување на случаи во кои постои сомнеж за корупција или друго неетичко однесување.
- Вработените на кои им е понуден поткуп или се поттикнувани на незаконски или неетички однесувања, треба на едноставен начин да ја прекинат комуникацијата со лицето кое нуди поткуп или писмено да го известат надлежното лице во општината. При тоа вработениот треба да даде детално објаснување за определени околности како што се: времето, местото, соговорниците и предметот на разговор.
- Доколку вработениот не постапи согласно предвидената процедура, против него ќе биде покрената соодветна постапка.
- Пријавување на коруптивно однесување на лица вработени во општината е должност на секого.Тоа не е лично прашање, ниту право на избор, туку е дел од службената должност и одговорност.
- Вработените кои биле сведоци или имаат основни сомневања за неетичко или незаконско однесување на вработени во општината, мора во печатена форма,телефонски или преку електронска пошта,да го информираат овластеното лице во општината.
- На вработениот кој што пријавил корупција му се гарантира дека информациите се целосно доверливи.
- По анонимни пријави се постапува само доколку содржат доволно податоци кои обезбедуваат утврдување на фактичката состојба.
- Во општина Делчево се формира Комисија за преземање на активности за спроведување,следење и координација на воспоставениот систем за интегритет (работна група за интегритет).
- Работната група за интегритет редовно одржува состаноци со раководителите и се спроведува обука со цел да се појаснат штетните последици од коруптивно однесување.Во исто време ова работна група работи и на подигање на свеста на вработените за системот на интегритет во општината и негово доследно почитување.На овој начин општината превентивно се бори против корупцијата.

- Коруптивните однесувања се казниви согласно кривичниот законик,а актите на корупцијата и неетичкото однесување задолжително повлекуваат и покренување на дисциплинска постапка која не ја исклучува кривичната одговорност.
- По добивањето на пријава за поткуп,корупција, судир на интерси, работната група за интегритет ги собира сите потребни информации за соодветниот случај и испраќа пријава до Државната комисија за спречување корупција во печатена форма и по електронски пат.
- Нешто што е содржано во антикорупциската политика не е ограничувачки фактор за вработените во поглед на пријавување на кривични дела на полицијата, обвинителството или ДКСК,
- Градоначалникот и раководните структури на општината, врз основа на искрено убедување дека пријавата се темели на вистина, го гарантираат правото на заштита од одмазда и закани кон лицата кои пријавиле неетичко и незаконско однесување,
- Доколку се докаже дека лицето тенденциозно или злонамерно пријавило или дало лажен исказ, против него се превземаат соодветни мерки на одговорност.

## 4.АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ОСЕТЛИВИ НА КОРУПЦИЈА

Активности кои се идентификувани како осетливи на корупција по области а за нив се определени соодветни мерки во акцискиот план се следните:

- Инспекциски надзор
- Управување со човечки ресурси
- Јавни набавки
- Продажба на градежно земјиште
- Издавање на дозволи, одобренија и согласности
- Надзор над извршување на договорите за јавните набавки

## 5. ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Годишниот план за спречување на корупција се фокусира на реализација на четири цели преку кои би се намалила систематската осетливост на корупцијата во рамки на Општина Делчево и тоа:

1. Зголемување на транспарентноста и одговорноста на вработените кон граѓаните, како и подобрување на ефикасноста на работењето,
2. Еднаков третман кон граѓаните при добивање на услуги од општинската администрација,
3. Воспоставување на механизми во рамките на општината кои ја ограничуваат и спречуваат можноста за злоупотреба на службената положба за остварување на лична корист,
4. Воспоставување на механизми за стимулација и поттикнување на вработените во општинската администрација со цел извршување на работните задачи на подобар и поквалитетен начин.

| АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО | | | |
|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Активност | Носител на активностите | Временски рок |
| 1. | Изработка на процедури/правилници за јавни набавки за сите процеси кои не се опфатени со законот за јавни набавки и кои не се детално прецизирани | Раководители на сектори и одделенија | Јануари- Март2023 |
| 2. | Јавно објавување на сите интерни процедури на интернет страната на општината | Раководители на сектори и одделенија и ИТ администратори | редовно |
| 3. | Јавно објавување на интернет страната на општината на сите услуги кои се вршат по електронски пат, процедури за нивно остварување, формулари, административни такси, уплатници и сл. | Раководители на сектори и одделенија и ИТ администратори | редовно |
| 4. | Јавно објавување на буџетот, завршната сметка и годишниот план за јавни набавки на страната на општината | Раководители на сектори и одделенија и ИТ администратори | Декември 2023 |
| 5. | Јавно објавување на годишните планови и извештаите за работа на овластените општински инспектори | Одделение за инспекциски надзор и ИТ администратор | Декември 2023 |
| 6. | Јавно објавување на НВО и спортски здруженија кои добиле финансиски средства од општината | Раководители на сектори и одделенија и ИТ администратори | Декември 2023 |
| 7. | Потпишување на изјави за прифаќање и примена на етичкиот кодекс на административните службеници | Одделение за упарвување со човечки ресурси | Редовно по завршување на секоја постапка за вработување |
| 8. | Изготвување на процедури за следење на реализацијата на договорите склучени во постапките за јавни набавки | Раководители на сектори и одделенија и ИТ администратори | Декември 2023 |
| 9. | Објавување на договорите за јавни набавки на интернет страната на општината | Раководители на сектори и одделенија и ИТ администратори | редовно |

Изработил: Советник С.Петровска
Контролирал:Советник И.Ивановска
Одобрил: Секретар Б.Прачкоска

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
Градоначалник
Горан Трајковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО